ОДДЕЛЕНИЕ VIII

ТЕМА : Северна Европа



НАСТАВНА СОДРЖИНА

# Норвешка



ИЗРАБОТИЛЕ:

ЕМИЛИЈА КОКИНОВСКА

ЕЛИЗАБЕТА КАРОВСКА

# Географска положба граници и големина

- **Норвешка,** официјално **Кралство Норвешка** Се наоѓа во Северна Европа во западното крајбрежје на Скандинавскиот Полуостров.

Во правец север југ се протега од $58^{o}$ до $71^{o}$ сгш.

- Има копнена граница на исток и североисток со **Русија, Шведска и Финска**.
- На запад излегува на Атлантски Океан и неговите крајбрежни мориња (**Баренцово, Северно и Норвешко)**
- Има површина од приближно **324 000км$^{2}$**.






# Брегова разгранетост

Најразгранет брег во Светот ( 25 148км), бидејќи има голем број на **фјордови(Тесни заливи кои навлегуваат длабоко во копното)** и **скјери ( повеќе од 150 000 мали карпести острови кои се наоѓаат во фјордовите** ).

-најдолг е Согне (долг 204км, длабок 1308м)

Повеќе од 50 000 острови ( Шпицбершки, Лофотски, Вестеровски и островот Магерај)

Скјери







# Релјеф

Релјефот во Норвешка е составен од најстарите карпи во светот и преовладуваат планини. Просечна н.в е 500м. Најраспространети се **Скандинавските Планини** ( највисок врв е **Глитертинд 2470м**). Врвовите на планините се зарамнети, на нив се наоѓаат пространи рамници прекриени со снег – **ФЈЕЛДИ. Низина Финмарк** на север, на запад фјордови.





# Клима

Под влијание на **топлата Голфска струја** и **западните океански ветрови** преовладува **атлантска клима** на југ и запад (поради што Норвешкиот брег никогаш не замрзнува).

На север е **поларна**, на планините е **планинска** со долги и студени зими).

Снежната покривка се задржува 7 месеци на север, до 10 месеци на планините, а 3-4 на југоисток.

Норвешка е земја на полноќно сонце( во областа Норд Кап, од средината на мај до крајот на јуни сонцето не заоѓа).










**Во крајните северни делови на Норвешка може да се забележи феноменот АУРОРА – Поларна светлина.**
*** Поларна светлина или аурора е природна појава на светлина на небото, особено во поларните региони, предизвикана од судирот на наелектризираните честички под влијание на магнетното поле на Земјата**

# Тајга и тундра

Во Норвешка застапена е и **тунадрата**(бидејќи во Норвешка има долги зими и кратки лета од 2 месеци,за време од летото се создаваат овие мочурливи земјишта)
Исто така е застапена и **тајгата**(венец од шума) која поминува низ Скандинавските планини





# Хидрографија

Има густа речна мрежа, но реките се кратки (голем хидроенергетски потенцијал). Реките кои течат од Скандинавските Пл кон запад, се кратки  и не замрзнуваат. Оние кои се влеваат во Скагерак замрзнуваат и до 4 месеци годишно. Најдолга е реката Глама (598км)

Од 13-те светски водопади со поголем пад од 500м, 6 се во Норвешка( Утигорд највисок).

4% од површината на Норвешка се езера (50 000), најголемо е Мјоса. Голем број на леднички езера.







# Население

Во Норвешка живеат околу 5,3 милиони жители, главно Норвежани, германска група на народи и Лапонци и Финци. Според религијата се 88% протестанти-лутеранти. ОФицијален јазик е норвешки. Ретко населена земја (14,2 ж/км$^2$). Според државното уредување е кралство (парламентарна наследна монархија, а кралот мора да е припадник на Норвешко-евангелистичката лутеранска црква). Главен град е Осло, а помали Берген, Ставангер, Трондхајм.



Парламентот во Норвешка

Осло





Лапонци

Берген



# Стопанство и природни богатства

Една од стопански најразвиените земји во светот. Претежно е **индустриско-земјоделска.**

Најмногу се одгледува јачмен, овес, компир, крмни култури.

Развиено **сточарство** (говеда, овци, свињи, ирваси, пред се за добивање на млеко и месо).

Главно е развиена **метална индустрија** (големи резерви на железо, бакара, олово-цинк и никел), **дрвна, електрохемиска, конзервна** (преработка на риби и месо од кит).

Во **Северно Море** и огромни **резерви на нафта и земјен гас,** од кои голем дел се извезуваат.

Најмногу извезува нафта, нафтени прозиводи, машини и опрема, хемикалии, бродови, риби.

Има **развиен туризам**, најпривлечни се **крстарењата по фјордовите, планинарењето и скијање.**



# Некои интересни факти за Норвешка

- има закон наречен allemannsret, буквално преведено значи права на сите луѓе.Ова значи дека луѓето во Норвешка можат да одат каде што сакаат ,исто така берењето на диви овошки е дозволено насекаде.
- Во Норвешка густо населените градови се полни со природа
- Има и голем број на фјордови
- Норвешка е родното место на скијањето,можете да скијате и сред лето.
- Всушност има повеќе езера и од Финска,Финска има 60 000 езера,а Норвешка има повеќе од стотина илјади езера кои се прекрасни.
- Во Норвешка е најдлабокото езеро во Европа-Хорниндалсватнет,исто така го има и најдолгиот тунел во светот(24.5 km)
- Се одгледуваат и голем број на ирваси,а поларните мечки можите да ги видите каде што се шетаат слободно
- Има и околу 50 000  острови
- Викинзите исто така потекнуваат од Норвешка и

има повеќе музеи само за викинзите




















# БАСТА

Баста е остров кој што е тешко пристаплив,не затоа што е многу луксузен,затоа што таму живеат само затвореници.Тие таму имаат голем луксуз и живеат сосема нормален живот.Од 08:30 до15:30 имаат работни обврски,но после тоа се сосема слободни можат да користат базент,да играат тенис,да одат во теретана,да се прошитаат низ природата,да одат во библиотека и што уште не,исто како да не се затвореници.Се работи за затвореници со тешки пресуди кои треба да останат таму доживотно,па во Норвешка наместо да стојат во една ќелија направиле затвор на овој остров.
















